**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.12.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5257/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 декември 2024 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 декември 2024 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Членовите 53, 54, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Редовниот надзор врз програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, емитуван на 2 декември 2024 година, на локално ниво - **не може фактички да се спроведе, затоа што радиодифузерот емитуваше само музика и џинглови, односно не емитуваше никаков вид програма со новинарски и со уреднички ангажман.**

Ваквиот наод од надзорот врз еднодневната програма претставува индикатор дека треба да се спроведе надзор врз програмата емитувана во текот на една седмица со цел да се утврди дали радиодифузерот го почитува членот 67 од ЗААВМУ, односно дали го исполнува програмскиот концепт за кој добил дозвола за емитување.

**8. Опис на прекршувањето:** /

**9. Предлог мерка:**

Програмскиот сервис на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, емитуван на 2 декември 2024 година, се состои исклучиво од музика и џинглови, поради што не може да се спроведе фактички програмски надзор за почитувањето на членовите 52, 53, 54, 93, 94, 98, 99, 100 и 101 од ЗААВМУ.

Ова е индиција дека Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип - не го почитува членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*), поради што Агенцијата по службена должност ќе спроведе вонреден надзор врз еднонеделната програма за исполнувањето на програмскиот концепт врз основа на кој Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ добила дозвола за радио емитување на локално ниво.

***Сектор за програмски работи***